**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

*„ТОПСИ - дизајнирај картичка“*

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Сл весник на РМ, број 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012 и 27/14), се утврдуваат следните правила на наградната игра:

**Член 1**

**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на наградната игра *„ТОПСИ - дизајнирај картичка“* (во понатамошниот текст “Наградна игра“) е Стопанска банка АД - Скопје, со седиште во Скопје, ул: 11 октомври бр. 7, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: ОРГАНИЗАТОР).

**Член 2**

**ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ**

Наградната игра има за цел промовирање на банкарски производи и услуги за млади, наречени „ТОПСИ“ услуги од млади за млади, наменети исклучиво за физички лица на возраст од полни 18 до неполни 28 години, но пред се има за цел дизајнирање индивидуална идентификациска картичка и да се гласа за истата. Имено, станува збор за ИД картичка со која ќе се идентификува клиентот во филијалите на Банката, а која ќе може сам да ја дизајнира позадината на истата. ТОПСИ картичката не е платежна картичка, туку ќе служи за идентификација на овој сегмент во Банката и кај трговците со кои Банката има склучено договори за посебни услови за овие клиенти. Клиентите се системски обележани по автоматизам и исклучиво тие имаат пристап да изработат дизајн на картичка.

**Член 3**

**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на Наградната игра е *„ТОПСИ - дизајнирај картичка“.*

Наградната игра ќе започне од **20.07.2016 и ќе трае до 30.09.2016 година**.

**Член 4**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Квалификувани за учество во Наградната игра се сите полнолетни физички лица – државјани на Република Македонија (лица дефинирани согласно систематизацијата на Банката и само тие имаат пристап за изработка на дизајн на картичка), кои ќе станат корисници на пакетот ТОПСИ (преку регистрација во Банката, отворање на трансакциска сметка и активирање на бесплатните i-bank

услуги). Корисниците кои во m-banking апликацијата можат да изработат единствен сопствен дизајн за идентификациска ТОПСИ картичка. Сите дизајнирани картички кои ќе бидат пријавени кај Организаторот преку мобилната апликација m-banking во периодот од 20.07 до 30.09.2016 година влегуваат во наградната игра со едно право на учество. Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во Стопанска банка АД – Скопје, во Публицис ДОО Скопје и во Блузоне ДОО Скопје (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен другар/вонбрачен партнер).

**Член 5**

**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира за физички лица – на возраст од 18 – 27 години, на територијата на Република Македонија.

**Член 6**

**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИ**

| Вид на награда | Количина | Единечна цена (со ДДВ) | Вкупна цена (со ДДВ ) |
|---|---|---|---|
| iPad mini 4 | 3 | 22,800.00 ден | 68,400.00 ден |
| SPECIALIZED ваучери | 3 | 30,000.00 ден | 90,000.00 ден |
| SONY PLAYSTATION 4 | 3 | 19,791.00 ден | 59,373.00 ден |
| GO PRO камера | 3 | 21,000.00 ден | 63,000.00 ден |

Вкупниот награден фонд со вклучен ДДВ изнесува 280,773.00 денари.

**Член 7**

**МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Лицата од член 4 став 1, квалификувани за учество во Наградната игра, за доставен предлог за дизајн на картичката поднесени во периодот од 20.07.2016 до 30.09.2016 година, добиваат шанса за учество во Наградната игра.

**Член 8**

**ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Наградата ќе биде доделена само ако учесникот е квалификуван, има право на учество и ако целосно ги почитува Правилата на Наградната игра.

**Член 9**

**ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА**

ОРГАНИЗАТОРОТ е одговорен за сите даноци, надоместоци или одговорности поврзани со наградата, вклучувајќи и персонален данок.

Наградата не се пренесува ниту се препишува пред претходно доделување на истата.

**Член 10**

**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право личните податоци на добитникот да ги користи во своите идни маркетинг активности по претходно добиена писмена согласност од страна на добитникот за користење на неговите лични податоци.

**Член 11**

**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, по добивање на одобрение од Министерство за финансии со известување до јавноста преку дневниот печат, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

**Член 12**

**ОТСТРАНУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА КОИШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ**

Евентуално настанатите спорови помеѓу ОРГАНИЗАТОРОТ и учесниците во Наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 13**

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

Извлекувањето на наградите ќе се изврши на 03.10.2016 година, со почеток во 10:00 часот, во просториите на Стопанска банка АД - Скопје, на адреса ул. 11 октомври бр. 7, 1000 Скопје.

Добитниците на наградите ќе бидат извлечени автоматски, по принципот на случаен избор од страна на компјутер, за што е изготвен специјален софтвер за таа намена.

Извлекувањето на сите награди ќе се одвива, во присуство на комисија составена од тројца официјални претставници, и тоа:

1. Двајца претставници од Стопанска банка АД - Скопје.
2. Нотар од Република Македонија

При извлекувањето, ќе бидат извлечени сите награди.

**Член 14**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Добитниците на наградите ќе бидат објавени во рок од 3 дена од денот на извлекувањето на наградите во дневниот весник „Утрински весник“ како и на веб страницата на ОРГАНИЗАТОРОТ www.stb.com.mk.

Добитникот ќе може да си ја подигне наградата од i-bank store филијалата на Банката, на Кеј 13ти Ноември, од понеделник до петок од 09:00 до 18:00 часот, во рок од 60 дена од денот на објавувањето на резултатите.

Со конечната реализација на наградата престануваат сите обврски на ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра кон добитникот.

**Член 15**

**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.stb.com.mk, по добивањето на согласност од Министерството за финансии на Република Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

**Член 16**

**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 дена од денот на објавување на добитниците на наградите да поднесе приговор во писмена форма до ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра, до Дирекцијата за Маркетинг и односи со јавност при Стопанска банка АД – Скопје, која е должна во рок од 5 (пет) дена од приемот на истиот писмено да одговори на добиениот приговор.

**Член 17**

**ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во Стопанска банка АД – Скопје, вработени во Публицис ДОО Скопје и во Блузоне ДОО Скопје (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен/вонбрачен другар). Доколку извлечениот добитник е дел од оваа група на лица нема да има право на наградата и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој ќе ги исполнува во целост правилата на наградната игра. Добитникот пред да ја подигне наградата ќе потпише потврда дека во своето најблиско семејство нема вработени од Стопанска банка АД – Скопје.

**Член 18**

**НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**

За известување за Наградната игра ќе бидат користени следните средства:

1. Социјални медиуми – Facebook, YouTube, Instagram, Twitter со платени/промовирани содржини
2. Веб банери на македонски веб страници
3. Постери и летоци поставени во филијалите на Стопанска банка АД – Скопје
4. E-mail и смс маркетинг до постојна база на клиенти кои изразиле согласност за контактирање
5. Преку трговци/компании соработници/партнери на Банката.

**Член 19**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерсвото за финансии на Република Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградата.

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Милица Чапаровска Јовановска**

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР ЗА БАНКАРСТВО НА МАЛО**